# СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ



Кругот на истражувањето кој Соколовски го затвора со делата од својата рецентна продукција овој пат ни го претставува авторот во издание кое тешко можеше да биде претпоставено, знаејќи го неговиот досегашен интерес и обид за ликовна трансформација на својот егзистенционален свет. Од барањата за разрешување на психолошко-егзистенционалната напнатост на човекот, присутни во неговиот поранешен период, тој преминува на една смирена и контемплативна анализа на еден одреден проблем кој сега има симболично-мисловна конотација. Поранешната употреба на богат колорит, земен пред сè во своето симболичко значење со цел да влијае на карактерното збогатување на портретираните, како да ја доживува својата конечна експлозија после која настанува барање на некоја вечна тишина присутна на рецентните слики. Од оваа заситеност произлегува тишината на контемплативните предели, лагуни марини. Нервозниот гест, изразен на места со јак графизам, сега го заменува оловната лента, парче, триаголник — поранешниот грч или крик сега е претворен во топлата и лесна трансформабилност на овој материјал.

Сликата која Соколовски сега ја создава, значи, во основа упатува на едно смирено-психолошко и пред сè контемплативно обмислување на светот во кој авторот создава. Напуштајќи го поранешниот песимизам оваа слика е дотолку самобитна што нејзиното толкување ја надминува формално-естетската анализа. Извесни дихотомии би се јавиле можеби во основниот мотив — едро/јарбол. Едрото/јарболот е оставено на морската шир без ветер, без движење. Сè е запрено, сè е во некое исчекување. Смиреноста на ширта наместа е оловна. Оваа запреност не е од фотографски вид — тоа како да е од секогаш, како да никогаш немало движење. Тоа е од таму што авторот сепак не ја поставува чисто пресликувачката концепција: преку едрото, јарболот или ширта (кои вака поставени се самопоништуваат — наместо движење — застанатост) авторот ја надминува нивната формала и семантичка структура и ги претвора во симболи или стилизирани форми (триаголник, вертикала, хоризонтала) преку кои, сега гради апстрактна композиција која во склоп со структурата на употребниот/вкомпонираниот материјал употребен во колажна сруктура, и дава друга димензија на сликата. Со тоа движејќи се на меѓата помеѓу реалното и апстрактното оваа слика обврзува на подолготрајна и посеопфатна перцепција.

Во основната концепција Соколовски останува во рамките на своето егзистенционалистичко размислување и толкување и тоа во онаа смисла во која неговиот интимен, внатрешен живот влијае на самиот чин на ликовното обликување. Со тоа тој би влегол во групата на автори/групи кои своите дела ги создаваат како психограми (во проширена смисла), скици на нивните внатрешни сèопфатни промени и чувствувања.

Небојша Вилиќ





СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ

Роден 1958 год. во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, (1986 год. во класата на проф. П. Мазев). Член е на ДЛУМ од 1986 год.

Адреса: Пушкинова бр. 9/1—4
91 000 Скопје, тел. 091/217-064

Самостојно излагал:

1985 — („Експресија во слика“ заедно со Б. Маневски и J. Шумковски) — Т. Велес, Охрид, Штип.

Групно излагал:

1985 — Изложба на студенти на ФЛУ — Скопје, — Белград

1980 — („Наши достигања“) Денови на млади творци од СРМ, Скопје, Кочани, Прилеп.

1986 — („Во пресрет на младоста“ — заедно со Б. Маневски, С. Шуловиќ и J. Шумковски) — Скопје

1986 — XLI годишна изложба на ДЛУМ — Скопје

1987 — Дипломирани студенти 86/87 — Скопје

1987 — Биенале на младите, 87 — Скопје

1988 — Ликовен салон на младите — Скопје

СЛИКИ

Од циклусот „Едра на хоризонтот“ — 1988 работени во комбинирана техника (олово, хартија, на даска и платно и боја)

Издавач:

Дом на младите „25 Мај“
Кеј „Димитар Влахов“ б. б.
91.000 Скопје, Југославија
тел. 091/233-401, 233-735, 238-558
за издавачот: Гоце Димовски
Сектор за уметничка програма
Одговорен уредник: Лилјана Лијаковска
Ликовна програма: Галерија
Стручен соработник: Зорица Лојпур — Богдановска
Славчо Соколовски, Слики, 24. XI. — 14. XII 1988
Предговор: Небојша Вилиќ
Фотографии: Мирослав Поповиќ
Печат: Г.З. „Гоце Делчев“ — Скопје
Тираж 200 примероци

